# REPRESENTATION OF SPA TOURISM IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Evgenija Markovska**
"Goce Delchev" University - Shtip, Republic of North Macedonia, Evgenija.31725@ugd.edu.mk

**Abstract:**Today's tourism movements involve a huge number of tourists. Each of them has a different interest or need that needs to be satisfied. Some tourists wants swimming, others sunbathing, others wants skiing or hiking, and some of them wants visiting the cultural-historical monuments. However, apart from what the tourists want, the satisfaction of the needs also depends from the tourist offer, what is offered to the tourists. The following factors play a role here: what types of transportation are available for that destination, what accommodation facilities are there, what tourist resources are available, etc. There are several aspects of tourism, according to: tourist needs, attractive-motivational values, according to the tourist season, the way the trips are organized, etc. Purpose: The purpose of this paper is to see the representation of spa tourism in the Republic of North Macedonia in relation to other types of tourism. In this case, the division is made into city tourism (the city of Skopje as a tourist attraction), spa tourism, which includes all spa centers in the Republic of Macedonia, mountain tourism, lake tourism and all other types of tourism that are represented in the country. Methodology: To achieve the set goal, the methods that were used are analysis and retrospective analysis of the number of domestic and foreign tourists and the number of overnight stays in the Republic of North Macedonia for the period from 2017 to 2021. The data were collected by the State Statistics Office and were processed tabularly and graphically. The analysis was performed on the basis of previously studied scientific theoretical content of materials that include: literature, books, magazines and newspapers, reports, relevant publications, on-line databases, as well as all other published materials. Results: In the researched period from 2017 to 2021, the most attractive places for domestic tourists to visit are lake places (64%), while for foreign tourists it is the city of Skopje with (43%) of tourists. Spas are in the last place in terms of visits for both domestic (5%) and foreign tourists (1%). According to the number of overnight stays, spa tourism is in second place for domestic visitors (10%), while for foreign tourists it remains in last place with 2% of the total overnight stays. Conclusions: Spa tourism is the least developed tourism in the Republic of North Macedonia. From the total number of visitors in the analyzed 5-year period, only 5% of domestic tourists and 1% of foreign tourists visited the spas. In terms of the number of overnight stays, spa tourism is in second place for domestic tourists with 10% and in last place with 2% for foreign tourists.
**Keywords:** types of tourism, spa tourism, tourists, tourist needs

# ЗАСТАПЕНОСТ НА БАЊСКИОТ ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Евгенија Марковска**
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Северна Македонија, Evgenija.31723@ugd.edu.mk

**Резиме:** Во денешните туристички движења учествуваат огромен број на туристи. Секој од нив има различен интерес или потреба кои треба да бидат задоволени. Некои сакаат капење, други сончање, трети сакаат скијање или планинарење, а некои сакаат разгледување на културно-историските споменици. Меѓутоа, освен тоа што туристите сакаат, задоволувањето на потребите зависи и од туристичката понуда односно она им се нуди на туристите. Односно тука како фактор играат: какви превозни средства се достапни за таа дестинација, какви сместувачки капацитети има, какви туристички ресурси се достапни и слично. Има повеќе подлеби на туризмот и тоа според: туристичките потреби, атрактивно-мотивациските вредноти, според туриистичката сезона, начинот на организираност на патувањата и сл. Цел на трудот: Целта на овој труд е да се види застапеноста на бањскиот туризам во република Северна Македонија во однос на другите видови туризам. Во овој случај поделбата е направена на градски туризам (градот Скопје како туристичка атракција), бањски туризам кој ги опфаќа сите бањски центри во Р.С.Македонија, планински туризам, езерски туризам и сите останати видови на туризам кои се застапени во државата. Материјали и методи: Во постигнување на поставената цел се користени методите на анализа и ретроспективна анализа на бројот на домашни и странски туристи и бројот на ноќевања во Република Северна Македонија за периодот од 2017 до 2021 година. Податоците се собрани од државниот завод за статистика и истите се обработени табеларно и графички. Анализата е вршена врз основа на предходно

проучувана научно теоретска содржина на материјали кои вклучуваат: литература, книги, списанија и весници, извештаи, релевантни публикации, on-line бази на податоци, како и сите други објавени материјали. Резултати од истражувањето: Во истражуваниот период од 2017 до 2021 година за домашните туристи најатрактивни за посета се езерските места(64%), додека за странските туристи е градот Скопје со (43%) од туристите. Бањите се на последно место по посетеност како за домашните (5%) така и за странските туристи (1%). По број на ноќевања бањскиот туризам е на второ место за домашните посетители (10%), додека за странските туристи останува на последно место со 2% од вкупните ноќевања. Заклучоци: Бањскиот туризам е најслабо развиен туризам во Република Северна Македонија. Од вкупниот број на посетители во анализираниот 5 годишен период, само 5% од домашните туристи и 1% од странските туристе ги посетиле бањските места. Во однос на бројот на ноќевања, бањскиот туризам е на второ место за домашните туристи со 10% и на последно место о 2% за странските туристи

**Клучни зборови:** видови туризам, бањски туризам, туристи, туристички потреби

## 1. ВОВЕД

Постојат повеќе туристички мотиви кои влијаат на потенцијалните посетители и ги мотивираат да се вклучат во туристичките текови. Секој посетител е посебна личност која има свој посебни индивидуални потреби, желби, интереси, ставови, навики, способности, темперамент, карактерни црти, способности, предрасуди и специфични аспирации. Сите овие карактеристики на туристите влијаат на изборот на туристичка дестинација. Термалниот туризам (Бањски туризам) можеме да го дефинираме како посета и престој во специјализирани објекти кои даваат можност за лекување и релаксација преку користењето на термалната вода. Овој вид на туризам спаѓа во групата на медицински (здравствен туризам) и претставува најстар туризам. Голем дел од бањите биле посетувани уште од римско време. За бањите поправило се вразуваат подолги престојувања поврзани со рекреативно - терапевтска функција на термо - минералните води. Бидејќи овие особини на бањските води се константни во текот на целата година, кај бањскиот туризам нема сезонска концентрација односно туристичкиот промет е рамномерно распореден во текот на целата година. Во Р.С.Македонија постојат 8 бањи: бања Банско-Струмица, бања Кежовица – Штип, бања Негорци – Гевгелија, бања Бања – Кочани,Проевска бања – Куманово, бања Бањиште – Дебар, бања Косоврасти – Дебар и Катлановска бања- Скопје. Од овие бањи денес не се активни бања Бања-Кочани и Проевската бања- Куманово.

## 2. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Во постигнување на поставената цел се користени методите на анализа и ретроспективна анализа. Анализата е вршена врз однова на предходно проучувана научно теоретска содржина на материјали кои вклучуваат: литература, книги, списанија и весници, извештаи, релевантни публикации, on-line бази на податоци, како и сите други објавени материјали. Ретроспективната анализа го опфаќа бројот на домашни и странски туристи и бројот на ноќевања во Р.С.Македонија поделени во 5 групи: за град Скопје, бањски места, планински места, езерски места и останати видови туризам за периодот од 2017 до 2021 година. Податоците се собрани од државниот завод за статистика на Р.С.Македонија и и истите се обработени табеларно и графички.

## 3. РЕЗУЛТАТИ

Во табела број еден е претставен бројот на домашни туристи и бројот на ноќевања по видови туризам за периодот од 2017 до 2021 година.

***Табела 1. Број на домашни туристи и број на ноќевања за периодот од 2017 до 2021 година***

| | | Скопје | | Бањски места | | Планински места | | Езерски места | | Други места | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | број | % | број | % | број | % | број | % | број | % | |
| 2017 | туристи | 28 399 | 7,71 | 28 227 | 7,68 | 40 907 | 11,1 | 218 711 | 59,4 | 52 003 | 14,1 | 368 247 |
| | ноќевања | 47 366 | 3,2 | 217 064 | 14,7 | 93 616 | 6,3 | 1 042 427 | 70,4 | 79 987 | 5,4 | 1 480 460 |
| 2018 | туристи | 35 379 | 8,5 | 26 778 | 6,4 | 43 362 | 10,3 | 256 255 | 61 | 57 816 | 13,8 | 419 590 |
| | ноќевања | 56 371 | 3,3 | 206 804 | 12,3 | 99 085 | 5,9 | 1 235 085 | 73,3 | 87 928 | 5,2 | 1 685 273 |
| 2019 | туристи | 37 738 | 8,8 | 22 776 | 5,3 | 46 198 | 10,8 | 263 878 | 61,7 | 56 780 | 13,3 | 427 370 |
| | ноќевања | 58 629 | 3,5 | 182 562 | 10,8 | 103 578 | 6,1 | 1 244 961 | 73,9 | 94 896 | 5,6 | 1 684 627 |
| 2020 | туристи | 17 479 | 5 | 11 376 | 3,2 | 46 058 | 13,2 | 239 833 | 68,7 | 34 562 | 9,9 | 349 308 |
| | ноќевања | 32 063 | 2,2 | 74 399 | 5,2 | 100 268 | 6,9 | 1 178 402 | 81,6 | 59 473 | 4,1 | 1 444 605 |
| 2021 | туристи | 32 937 | 8 | 17 188 | 4,2 | 43 952 | 10,8 | 275 175 | 67,4 | 39 248 | 9,6 | 408 500 |
| | ноќевања | 59 134 | 3,6 | 123 128 | 7,5 | 96 361 | 5,9 | 1 298 280 | 79 | 66 180 | 4 | 1 643 083 |

Графикон број 1 ја претставува вкупната процентуална застапеност на бројот на домашни туристи за секој од видовите туризам за периодот од 2017 до 2021 година, додека пак графикон број 2 ја претставува вкупната процентуална застапеност на бројот на ноќевања на домашни туристи за секој од видовите туризам за периодот од 2017 до 2021 година.

***Графикон 1. Вкупна процентуална застапеност на бројот на домашни туристи за периодот од 2017 до 2021 година***



***Графикон 2. Вкупна процентуална застапеност на бројот на ноќевања на домашни туристи за периодот од 2017 до 2021 година***




Во табела број 2 е претставен бројот на странски туристи и бројот на ноќевања по видови туризам за периодот од 2017 до 2021 година.

***Табела 2. Број на странски туристи и број на ноќевања за периодот од 2017 до 2021 година***

| | | Скопје | | Бањски места | | Планински места | | Езерски места | | Други места | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | број | % | број | % | број | % | број | % | број | % | |
| 2017 | туристи | 272 373 | 43,2 | 3 962 | 0,6 | 17 845 | 2,8 | 214 266 | 34 | 122 148 | 19,4 | 630 594 |
| | ноќевања | 459 345 | 35,5 | 28 010 | 2,2 | 31 973 | 2,5 | 539 380 | 41,7 | 235 984 | 18,2 | 1 294 692 |
| 2018 | туристи | 303 695 | 43 | 4 466 | 0,6 | 22 019 | 3,1 | 247 918 | 35 | 129 247 | 18,3 | 707 345 |
| | ноќевања | 509 441 | 34,2 | 30 747 | 2,1 | 40 827 | 2,7 | 629 491 | 42 | 281 029 | 19 | 1 491 535 |
| 2019 | туристи | 321 270 | 42,4 | 4 871 | 0,6 | 24 709 | 3,3 | 279 977 | 37 | 126 766 | 16,7 | 757 593 |
| | ноќевања | 549 157 | 34,8 | 38 187 | 2,4 | 44 029 | 2,8 | 693 208 | 44 | 253 190 | 16 | 1 577 771 |
| 2020 | туристи | 55 008 | 46,5 | 1 500 | 1,3 | 6 473 | 5,5 | 30 997 | 26,2 | 24 228 | 20,5 | 118 206 |
| | ноќевања | 104 226 | 41,2 | 16 406 | 6,5 | 11 000 | 4,3 | 58 778 | 23,2 | 62 519 | 24,7 | 252 930 |
| 2021 | туристи | 133 894 | 45,5 | 2 916 | 1 | 12 698 | 4,3 | 85 098 | 29 | 59 357 | 20,2 | 293 963 |
| | ноќевања | 270 737 | 40,4 | 22 158 | 3,3 | 24 323 | 3,6 | 225 954 | 33,7 | 127 288 | 19 | 670 460 |

Графикон број 3 ја претставува вкупната процентуална застапеност на бројот на странски туристи за секој од видовите туризам за периодот од 2017 до 2021 година, додека пак графикон број 4 ја претставува вкупната процентуална застапеност на бројот на ноќевања на странски туристи за секој од видовите туризам за периодот од 2017 до 2021 година.

***Графикон 3. Вкупна процентуална застапеност на бројот на странски туристи за периодот од 2017 до 2021 година***




***Графикон 4. Вкупна процентуална застапеност на бројот на ноќевања на странски туристи за периодот од 2017 до 2021 година***




**4. ДИСКУСИЈА**

Дека бањскиот туризам е најслабо развиен во Р.С.Македониија е повеќе од очигледно. Во анализираниот период за сите 5 години по процентуална застапеност бројот на бањски туристи е на последно место како за домашните туристи, така и за странските. За домашните туристи нај атрактивни се езерските места (64%), потоа следуваат останати видови на туризам (12%), планинските места со 11%, главниот град Скопје со 8% и бањските места се на последно место со 5%. Кај странските туристи нај атрактивен е градот Скопје (43%), а потоа следуваат езерските места со 34%, други видови туризам со 19%, планински места со 3% и бањски туризам со само 1%. За разлика од бројот на туристи, во бројот на ноќевања кај домашните посетители бањскиот туризам е на второ место, додека пак кај странските туристи и понатаму останува на последно место. Па така кај бројот на ноќевања на домашните туристи прво место со најмногу ноќевања има кај езерските места (76%), бањските места со 10% се на второ место, планинските места со 6% се на трето место, а потоа следуваат другите видови туризам со 5% и главниот град Скопје со 3%. Странските туристи најголем број ноќевања поминале во езерските места со 41%, во Скопје 36%, потоа следуваат другите места со 18%, планинските места со 3% и на последно место бањските места со 2 % од вкупните ноќевања.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Бањскиот туризам е најслабо развиен туризам во Република Северна Македонија.

Од вкупниот број на посетители во анализираниот 5 годишен период, само 5% од домашните туристи и 1% од странските туристе ги посетиле бањските места.

Во однос на бројот на ноќевања, бањскиот туризам е на второ место за домашните туристи со 10% и на последно место о 2% за странските туристи.

За домашните туристи најатрактивни за посета се езерските места со 64%, а за странските туристи градот Скопје со 43%.

На прво место, со најголем број ноќевања се езерските места како за домашните туристи (76%), така и за странските туристи со 41%.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Chatterjee, S., & Mandal, P. (2020). Traveler preferences from online reviews: Role of travel goals, class and culture, Tourism Management, 80, Article 104108

Chien P. M., & Ritchie B. W. (2018). “Understanding Intergroup Conflicts in Tourism.” Annals of Tourism Research 72 (C): 177–79.

Filep, S., & Laing, S.J. (2019). Trends and directions in tourism and positive psychology, Journal of Travel Research, 58 (3), pp. 343-354

Јаковлев, З. (2018). Основи на туризам, Штип

Jordan E. J., Spencer D. M., & Prayag G. (2019). “Tourism Impacts, Emotions and Stress.” Annals of Tourism Research 75:213–26.

Puczkó, L., & Smith, M. (2009). Health and spa tourism. Oxford: Elsevier.

Rodriguez–Sanchez, C., Sancho-Esper, F., Casado-Díaz, A.B., & Sellers-Rubio, R. (2020) Understanding in-room water conservationbehavior: The role of personal normative motives and hedonic motives in a mass tourism destination. J. Destin. Mark. Manag.,18

Stefanović, V. (2017). Turističke potrebe kao determinant razvoja turizma, Ekonomski sognali,12(1):013- 019 3

Ташков, Н., & Методијески, Д. (2014). Термален туризам, Штип

Ташков, Н., (2004). Туристички вредности на бањите во Република Македонија, Штип.

Tomi´c, N., & Koši´c, K. (2020). Wellness Tourism: A Destination Perspective. Tour. Manag. Perspect.,36.

Тошић, М. (2017). Могућности развоја бањског туризма у Републици Македонији, Nis.

Richards, G. (2011). Creativity and tourism: The state of the art, Annals of Tourism Research, Vol.38, 1225-1253

Zakoski, I. (2021). *Spa Tourism in the Republic of North Macedonia.* International Journal of Multidisciplinary Research and Publications, 3 (11). pp. 13-15. ISSN 2581-6187